**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Клаузули за осигурување од одговорност на возарот за штети на стока примена во превоз

КЛ-цмр
25-07-мк

**Осигурување од одговорност на возарот за штети на стока примена во превоз на подрачјето на некогашен СССР (КЛ-цмр- СССР)**

[1] Со осигурување е покриена одговорност на возарот за транспорт на стока на подрачјето на државите Ерменија, Азербејџан, Грузија, Казахстан, Киргистан, Молдавија, Таџикистан, Туркемнистан и Узбекистан (во понатамошниот текст: држави од некогашен СССР).

[2] За подрачјето на државите Украина, Белорусија и Руската федерација нема да се применува осигурителното покритие се додека се на примена рестриктивни мерки.

[3] Осигурителното покритие нема да се применува за подрачјето на државите наведени во став 1 доколку по склучување на договорот за осигурување против државата се воведени рестриктивни мерки.

[4] Одговорност за штета настаната при превоз на прехрамбени производи, предмети наменети за широка потрошувачка и лекови наменети за купувачи, односно примачи во државите од некогашен СССР поради неиспорака на пратките, односно испорака на цела или дел од пратката на погрешен примач (и во случај на фалсификувани или преработени документи и печати со кои одредено лице лажно се претставило како примач, односно негов полномошник) е покриена под услов превозникот пред почетокот на превозот да добил од испраќачот писмено упатство за врачување на именуваниот примач. Упатството задолжително содржи:

- фотокопија од пасош од двете физички лица кои во одредишното место формално-правно претставуваат примачи на пратката на кои осигуреникот е должен да ја предаде пратката - на фотокопијата мора да бидат видливи личните податоци, слика, потпис и број на пасош;
- телефонски број на тие две лица во одредишното место;
- телефонски број и име на лицето за контакт во местото на поаѓање поради понатамошни упатства во случај на компликации при предавање на пратката;
- фотокопија од печатот на примачот со кој на ЦМР ќе биде потврдено преземање на пратката.

[5] Со осигурување не е покриена одговорност за штети при превоз на алкохолни пијалоци, тутун и производи од тутун на подрачјето на некогашен СССР.

[6] Со осигурување не е покриена одговорност за штети на товар доколку не се исполнети наведените услови или ако осигуреникот не постапил во согласност со добиените упатства, без оглед на тоа дали е виновен осигуреникот или возачот.

**Осигурување од одговорност на возарот за превоз на половни, оштетени возила или возила кои не се во возна состојба и работни машини (КЛ- цмр-невоз)**

[1] Со осигурување е покриена одговорност на возарот за превоз на половни, оштетени возила или моторни возила кои не се во возна состојба и работни машини (во понатамошниот текст: користено средство), но само за штети кои ќе настанат на користените средства поради:

1) сообраќајна незгода на превозното средство на осигуреникот;
2) утовар или истовар на половни, оштетени возила или моторни возила кои не се во возна состојба на превозното средство на осигуреникот или од него;
3) пожар или експлозија (освен штети кои ќе настанат поради самозапалување или експлозија на користените средства ).

[2] Осигурување на случаевите од претходниот член важи под услов осигуреникот или негов возач пред почетокот на утоварот на користените средства, да пополнил записник за оштетувањата на користените средства (можни штети и други дефекти), кој што мора да го потпише осигуреникот или неговиот возач, како и испраќачот.

[3] Ова осигурување не покрива одговорност за штети на предмети кои не се составен дел на користените средства во превоз.

**Осигурување од одговорност на возарот за превоз на документи, нацрти, марки, ракописи, музејски и уметнички предмети (КЛ- цмр-док)**

[1] Со осигурување е покриена одговорност на возарот за превоз на документи, нацрти, марки, ракописи, музејски и уметнички предмети до висина на сумата на осигурување наведена во полисата за осигурување, без оглед на ограничувањето од член 23 од Конвенцијата ЦМР, под услов да се исполнети следните услови:

1) предметите да се спакувани на соодветен начин и да се транспортираат во затворени превозни средства – фургони;
2) осигуреникот е должен да обезбеди пристап на возачот или придружникот во возилото за цело времетраење на превозот, како и за време на мирување на возилото;
3) редовно застанување за време на превоз може да се извршува само на физички заштитени или надгледувани места.

**Осигурување од одговорност на возарот при специјален вонгабаритен транспорт (КЛ-цмр-габрт)**

[1] Со осигурување е покриена одговорност на возарот за превоз на вонгабаритен транспорт кој по обликот или масата која е дозволена во јавен сообраќај го надминува максималниот профил и маса допуштени со јавниот сообраќај под услов дека осигуреникот ги исполнил и почитувал сите сообраќајни прописи за дозволените габарити за сигурен превоз (предупредувачки табли за висина, ширина и носивост, како и прилагодена брзина на возилото).

**Осигурување од одговорност на возарот за ризик од промена на температура или одмрзнување на изладен или длабоко замрзнат товар (КЛ-цмр-хлад)**

[1] Со осигурување е покриена одговорност на возарот при превоз на изладен или длабоко замрзнат товар во ладилници под услов осигуреникот да ги исполнил следните услови:
1) при преземање, товарот да е изладен односно замрзнат на начин и на температура одредена со нормативите, како и упатството од испраќачот за температурата која што треба да се одржува да биде запишано во товарниот лист или да е договорено во договорот помеѓу испраќачот и превозникот;
2) товарот да е распореден во ладилниците во согласност со нормативите;
3) со барањето за надомест на штета да се приложи термограм или документација за одржување на апаратите за ладење;
4) во случај на дефект на превозното средство со нарачаниот товар, во најкраток можен рок да осигура друго превозно средство кое ќе го доврши превозот.

**Осигурување од одговорност на возарот за покритие на акцизни давачки при превоз на акцизни производи (КЛ-цмр-акциз)**

[1] Со осигурување е покриена одговорност на превозникот за акцизни давачки при превоз на акцизни производи под услов осигуреникот да ги исполнил следните услови:
1) превозното средство мора да биде опремено со противпровален алармен систем и GPS;
2) да поседува писмени упатства од испраќачот за постапување со товарот и условите на превозот:
   - упатства за употреба на соодветно превозно средство;
   - упатства за подолги застанувања;
   - упатство за претовар на товарот;
   - рок за достава на товарот;
   - попис на документите кои му се врачени на превозникот.
3) возачот мора да поседува детални податоци за примачот – адреса, опис на патот, лице за контакт и телефонски број, како и телефонски број на лицето кое претставува испраќач кај кого може во случај на промена да се провери идентитетот на примачот;
4) возилото не смее да се остави без надзор, можни се само кратки застанувања (до 15 минути) поради обезбедување на возилото со гориво; застанување на подолг период е можно само на физички заштитени и надгледувани паркинг места;
5) товарот може да се вскладишти само во складишта од примчот;
6) во случај на било какви отстапувања во количината на товарот, возачот мора веднаш да ја извести царинската служба, односно други надлежни лица;
7) доколку товарот е уништен во несреќа, пожар, експлозија, судир и сл., возачот е должен да поседува потврда од царински орган или други надлежни органи дека товарот е уништен;

[2] Осигурувачот ги надоместува акцизните давачки само доколку со одлука од надлежните органи докаже дека оштетениот е должен да плати акцизни давачки за изгубените акцизни производи.

**Осигурување од одговорност на возарот за провала и грабеж на товарот или превозното средство со товар (КЛ-цмр-краж)**

[1] Со осигурување е покриена одговорност на возарот за штети на товар од ризик провала и грабеж на товарот или превозното средство со товар, под услов осигуреникот да ги исполнил следните услови:
1) превозното средство за време на штетниот настан да било паркирано на уредно и осветлено паркиралиште како и да не било без надзор на возачот или неговиот пратител во ниту еден момент или
2) превозното средство за време на штетниот настан да било паркирано во заклучена гаража или во ограден и осветлен двор или на паркиралиште со 24 часовна заштита.

[2] Со осигурување не е покриена одговорност за штети доколку не биле исполнети наведените услови или ако осигуреникот не постапувал според добиените упатства, без оглед на тоа дали за тој пропуст е виновен осигуреникот или возачот.

**Осигурување од одговорност на возарот за штети на товар за време на меѓу вскладиштување (КЛ-цмр-мскла)**

[1] Со осигурување се покриени штети кои се последица на остварувањето на правата за надомест на штета на сопственикот на товарот до која дошло за време на меѓу вскладиштување (со намера за понатамошен превоз), на локација на осигуреникот во затворено и надгледувано складиште и за кое осигуреникот е одговорен во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи. Обврската на осигурувачот е ограничена на 8,33 SDR (special drawing rights) по килограм од уништен, исчезнат или оштетен товар.

**Осигурување од одговорност на организаторот на превоз за товар кој што го извршуваат негови подпревозници (КЛ-цмр-подпр)**

[1] Со осигурување е покриена одговорност на возарот кој што се занимава со организирање на превоз за товар, пресметува возарина за нарачателите на превозни услуги, а при тоа не извршува превоз со сопствени превозни средства, туку тоа го извршуваат подпревозници.

[2] Осигурувањето од одговорност на организаторот на превоз се склучува во согласност со Посебните услови за осигурување од одговорност на возарот за стока на превоз според бруто возарина УС-цмр-брт/13-1-мк.

**Осигурување од одговорност на возарот за превоз на нови копнени моторни возила (КЛ-цмр-новав)**

[1] Со осигурување е покриена одговорност на возарот за превоз на нови копнени моторни возила под следните услови:
1) пресметаната штета се намалува за учеството на осигуреникот во штети во висина од 200 евра по поединечно возило кое се транспортира на превозното средство; учеството се зема предвид при секоја штета, освен кај оние штети кои се последица на сообраќајни незгоди, пожар или експлозија на превозното средство;
2) осигурителното покритие се однесува и на превоз на нови и неоштетени моторни возила со отворени превозни средства, при што не важат исклучувањата од член 3, став 1, точка 8 од Условите за осигурување од одговорност на возарот за штети на стока примена на превоз;
3) осигурителното покритие важи и за време на утоварување и истоварување на возилата на/од превозното средство.

**Клаузула за трошоци при уништување на оштетен товар (КЛ-цмр-уништ)**

[1] Со осигурување се покриени трошоци за превоз на претходно одобрено уништување на оштетен товар, само во случај кога превозникот е навистина одговорен за штетата што настанала на товарот, под услов истиот да е покриен со осигурување. Со осигурување се покриени вистинските трошоци за уништување, но најмногу до износ од 5.000 евра по осигурен случај.